РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

ИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
U ËLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ција за технолошки индустриски развојни зони
drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 01-558/1

18.03.2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

ГОДИШЕН ПЛАН
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ВО ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА 2026 ГОДИНА

Скопје, 2026 година

INTERCERT CERTIFIED ISO 37001 ABMS

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

I. ВОВЕД

Имајќи предвид дека корупцијата претставува сложен и глобален општествен предизвик кој ги засега сите држави, независно од нивото на економски и институционален развој, неопходно е континуирано и координирано делување во насока на нејзино спречување. Во таа насока, борбата против корупцијата претставува постојана обврска на секој поединец и институција, како и потреба за постојано јакнење на јавната свест за нејзините штетни последици. Корупцијата директно влијае врз нарушување на основните права на граѓаните, го поткопува економскиот и општествениот развој, ја ослабува довербата во институциите и го загрозува владеењето на правото. Оттука, неопходно е преземање на системски и ефикасни мерки за нејзино намалување и долгорочно искоренување.

Во согласност со стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за доследна и принципиелна борба против корупцијата, во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во натамошниот текст: Дирекцијата) се применува политика на нулта толеранција кон сите облици на коруптивно, неетичко и недозволиво однесување.

Во текот на 2026 година, Дирекцијата ќе продолжи со спроведување и унапредување на активностите започнати во претходните години, со цел зајакнување на механизмите за превенција и справување со корупцијата и нејзините последици, кои негативно влијаат врз функционирањето на институциите, демократските процеси и општествените вредности. Клучни документи во овој процес претставуваат Регистерот на ризици на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Меѓународниот Стандард за спречување корупција ISO 37001:2016 – Систем за управување со антикорупција, Политиката за спречување на корупција и Прирачникот за вработени за систем за справување со корупција по ISO 37001:2017. Преку нивна доследна примена, Дирекцијата гради ефикасен систем за превенција и јакне доверба кај јавноста. Регистерот на ризици има значајна улога во идентификување на потенцијалните области изложени на корупција, како и во дефинирање на соодветни мерки и активности за нивно надминување.

Во 2026 година, посебен фокус ќе биде ставен на дополнително унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените. Од вработените се очекува високо ниво на професионалност, етичност, одговорност и транспарентност, додека Дирекцијата ќе продолжи да функционира во согласност со принципите на законитост, отчетност и јавен интерес. Како институција со специфични надлежности, Дирекцијата ќе инсистира на зголемен ангажман, одговорност и иницијативност на сите вработени, на сите организациски нивоа. Секој вработен има обврска да препознава и спречува коруптивни појави, како и да дејствува во согласност со највисоките етички стандарди. Сите вработени и ангажирани лица, вклучително и раководниот кадар, се должни доследно да ги почитуваат интерните акти на Дирекцијата. Дополнително, во насока на унапредување на антикорупциските механизми, во претходниот период е донесен нов Етички кодекс, чии одредби ќе продолжат да се применуваат и во текот на 2026 година, со цел јакнење на институционалниот интегритет и етичкото однесување.

II. ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА

Согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, под поимот корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба со цел остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друго лице.

Во рамки на овој поим се опфатени следните форми:

- **Пасивна корупција** – кога службено лице бара, прима или прифаќа ветување за корист со цел да постапува спротивно на своите службени обврски или да се воздржи од постапување;
- **Активна корупција** – кога лице нуди, ветува или дава корист на службено лице со цел влијание врз неговото постапување.

Под судир на интереси се подразбира ситуација во која приватниот интерес на службеното лице влијае или може да влијае врз објективното и непристрасно извршување на неговите службени должности.

Корупцијата во пракса може да се појави преку различни облици, како што се:

- злоупотреба на службена положба и овластувања;
- користење на дискрециони овластувања без соодветна контрола;
- непотизам и фаворизирање;
- непостапување или селективно постапување при извршување на работните задачи.

Овие појави најчесто се манифестираат преку: примање или давање поткуп, злоупотреба на службени ресурси, неправилности во јавните набавки, незаконски вработувања и унапредувања, прикривање или манипулација со докази, како и други форми на неетичко и незаконско однесување.

III. ЦЕЛ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2026 година

Основната цел на Годишниот план за спречување на корупција за 2026 година е да обезбеди континуитет во спроведувањето на мерки и активности насочени кон навремено препознавање, превенција и намалување на ризиците од корупција во сите сегменти на работењето на Дирекцијата.

Активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на интегритетот, професионалноста и одговорноста на вработените, при што се очекува доследно почитување на законите и етичките стандарди при извршување на работните обврски.

Во таа насока, посебно внимание ќе се посвети на:

- избегнување на влијание од лични, деловни и финансиски интереси;
- доследно почитување на законските овластувања;
- унапредување на законитоста во работењето;
- рационално и одговорно користење на финансиските средства;
- примена на Етичкиот кодекс;
- почитување на воспоставените ISO стандарди;
- навремено пријавување на сите форми на незаконско и неетичко однесување.

IV. ОБЛАСТИ КАДЕ НАЈЧЕСТО ПОСТОИ РИЗИК ОД ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА

Годишниот план за 2026 година се темели на проценка на ризиците од корупција и идентификација на областите кои се најподложни на потенцијални злоупотреби.

Како области со зголемен ризик се идентификуваат:

- јавните набавки;
- постапките за вработување и унапредување;
- финансиското управување и контрола.

За идентификација и управување со ризиците одговорни се раководителите на организационите единици, кои континуирано вршат проценка на ризичните процеси. Во таа насока, Дирекцијата редовно изготвува Регистер на ризици кој содржи:

1. идентификуван ризик;
2. степен на влијание;
3. веројатност на појава;
4. вид на ризик;
5. одговорни лица;
6. мерки за управување со ризикот.

Овој регистер претставува составен дел од системот согласно стандардот ISO 37001:2016.

1. НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ВАЖЕЧКИТЕ ПРОПИСИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Постапките за јавни набавки претставуваат една од најризичните области во однос на можноста за појава на корупција, имајќи ја предвид комплексноста на процедурите, обемот на финансиските средства и вклученоста на повеќе учесници во процесот.

Во Дирекцијата, спроведувањето на постапките за јавни набавки е во надлежност на организационите единици задолжени за оваа област, при што сите вработени кои учествуваат во процесот се должни да постапуваат во согласност со законските и подзаконските прописи, како и интерните процедури.

Ризиците од корупција во оваа област најчесто произлегуваат од:

- можност за фаворизирање на одредени економски оператори;
- недоволна транспарентност во поединечни фази од постапката;
- злоупотреба на дискреционите овластувања;
- недоволна контрола при реализација на договорите.

Со цел минимизирање на овие ризици, Дирекцијата ќе продолжи да обезбедува:

- доследна примена на принципот на еднаков третман и недискриминација;
- целосна транспарентност во сите фази од постапката;
- јасна и прецизна документација;
- континуирано следење на реализацијата на договорите;
- зајакнати механизми на внатрешна контрола.

Дополнително, особено внимание ќе се посвети на превентивни активности, како што се интерни проверки, едукација на вработените и навремено идентификување на потенцијални неправилности.

2. НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ВАЖЕЧКИТЕ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ

Постапките за вработување и унапредување претставуваат значајна област во која постои потенцијален ризик од појава на корупција, особено во форма на непотизам, клиентелизам и несоодветни влијанија од надворешни фактори. Овие ризици можат да се манифестираат преку:

- влијанија врз процесот на селекција;
- фаворизирање на одредени кандидати;
- непочитување на критериумите за стручност и компетентност;
- нетранспарентност во постапките.

Со цел спречување на ваквите појави, Дирекцијата ќе обезбеди сите постапки да се спроведуваат врз основа на јасно утврдени законски критериуми и принципи, и тоа:

- законитост и транспарентност;
- еднаков пристап до работните места;
- стручност, компетентност и мерит-систем;
- непристрасност и објективност;
- спречување на судир на интереси.

Секоја постапка за вработување или унапредување ќе биде однапред планирана, усогласена со Годишниот план за вработување и со систематизацијата на работните места, како и со обезбедени согласности од надлежните институции.

3. НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ВАЖЕЧКИТЕ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКОТО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Финансиското управување и контрола претставува систем од политики, процедури и активности насочени кон обезбедување законито, економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства. Во оваа област, ризиците од корупција може да се појават како резултат на:

- недоволна контрола врз финансиските текови;
- нејасно дефинирани одговорности;
- неправилности во донесувањето финансиски одлуки;
- недоволна транспарентност во управувањето со средствата.

Системот на финансиско управување и контрола во Дирекцијата се спроведува на сите организациони нивоа и опфаќа вградени контролни механизми во сите работни процеси. Во текот на 2026 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ќе продолжи со:

- унапредување на внатрешните контроли;
- јасно дефинирање на одговорностите во процесите;
- воспоставување ефективни процедури за одобрување и следење на финансиските активности;
- континуирано следење и анализа на финансиското работење.

Преку овие активности, Дирекцијата ќе обезбеди намалување на ризиците од незаконско и нерационално трошење на средствата, како и навремено откривање и спречување на евентуални неправилности.

V. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:

Годишниот план за спречување на корупција за 2026 година претставува значаен инструмент за систематско, координирано и континуирано делување во насока на јакнење на интегритетот и унапредување на транспарентноста во работењето на Дирекцијата. Преку дефинираните мерки и активности, овој документ не само што поставува јасна рамка за превенција и справување со корупцијата, туку и создава основа за понатамошен институционален развој и унапредување на организациската култура.

Справувањето со корупцијата не претставува изолиран процес, туку долгорочна и комплексна активност која бара доследност, координација и вклученост на сите нивоа во институцијата. Во таа насока, Дирекцијата ќе продолжи да ја зајакнува својата улога како институција која активно придонесува во спроведување на националните политики за спречување на корупцијата, преку усогласување со стратешките документи и препораките на надлежните органи. Посебно значење ќе се придаде на градењето и одржувањето на високо ниво на интегритет кај вработените, како основен предуслов за ефикасно функционирање на институцијата. Интегритетот, како збир на етички вредности, професионални стандарди и лична одговорност, претставува клучен фактор во превенцијата на корупцијата и зајакнувањето на довербата во институциите.

Воедно, зголемувањето на транспарентноста и отчетноста ќе остане еден од приоритетите на Дирекцијата, со цел да се обезбеди јасност и видливост на сите процеси и активности. Преку отворен пристап кон информации и доследна примена на принципите на добро управување, се намалува просторот за злоупотреби и се зајакнува јавната доверба. Дирекцијата ќе продолжи да работи на воспоставување и унапредување на ефективни механизми за контрола и надзор, со што ќе се овозможи навремено идентификување и спречување на потенцијалните ризици. Овие механизми, во комбинација со континуирана едукација и подигање на свеста кај вработените, ќе придонесат за создавање на стабилен и отпорен систем на антикорупциско дејствување. Понатаму, особено внимание ќе се посвети на развој на организациска култура заснована на етичко однесување, професионалност и одговорност. Ваквиот пристап овозможува не само спречување на коруптивни појави, туку и создавање на работна средина во која се поттикнува интегритетот, довербата и заемната почит.

Соработката со надлежните институции, особено со Државната комисија за спречување на корупцијата, ќе продолжи да се развива и унапредува, со цел размена на информации, искуства и добри практики, како и усогласување со националните стратегии и политики во оваа област. Имајќи предвид дека корупцијата претставува динамичен и прилагодлив феномен, Дирекцијата ќе пристапува проактивно во нејзиното препознавање и спречување, преку континуирано унапредување на постојните механизми и воведување на нови алатки и пристапи.

Во таа насока, Годишниот план за 2026 година има јасно изразена превентивна функција и претставува патоказ за системско намалување на ризиците од корупција. Неговата доследна имплементација ќе придонесе кон зајакнување на институционалниот интегритет, подобрување на ефикасноста во работењето и унапредување на довербата на граѓаните. Крајната цел на сите предвидени активности е создавање на транспарентна, отчетна и етички одговорна институција, која доследно ги почитува принципите на владеење на правото и работи во интерес на јавноста и општеството во целина.

VI. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Во 2026 година, Дирекцијата ќе ги спроведува следните мерки:

1. Почитување на воведените процедури за работа и извршување на работните должности согласно меѓународниот стандард за спречување на корупција ISO 37001:2016 и системот за управување со квалитет ISO 9001:2015;
2. Потпишување изјави од страна на сите нововработени и ангажирани лица во Дирекцијата дека извршувањето на своите работни задачи и активности ќе го вршат во согласност со меѓународниот стандард за спречување на корупција ISO 37001:2016 и системот за управување со квалитет ISO 9001:2015;
3. Имплементација и усогласување на системот за управување со антикорупција со стандардите ISO 37001:2016 и ISO 37001:2025;
4. Почитување на Уставот и законите на Република Северна Македонија;
5. Почитување на Кодексот на административни службеници, Етичкиот кодекс на Дирекцијата, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на РСМ;
6. Јакнење на интегритетот на вработените;
7. Преземање дисциплински мерки против лица кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконски и неетички;
8. Разгледување на сите случаи на сомневање за корупција и судир на интереси, како и на веќе настанати случаи, со цел подобрување на системот на внатрешна контрола;
9. Спроведување политика на нулта толеранција кон корупцијата и судирот на интереси и воспоставување силен систем на контрола за нивно спречување и откривање, како и намалување на нивните последици доколку се појават;
10. Обезбедување отчетност и транспарентност во работењето на Дирекцијата преку објавување на законските и подзаконските акти, стратешките документи и активностите на веб-страницата www.fez.gov.mk;
11. Задолжително пријавување на коруптивно, недозволиво и неетичко однесување преку назначено лице за прием на пријави од укажувачи, согласно Законот за заштита на укажувачите, како и изготвување полугодишни извештаи за примени пријави;
12. Подигање на свеста на вработените за можностите за постапување согласно Законот за заштита на укажувачите;
13. Непристрасно и професионално постапување при спроведување на постапките за јавни набавки, како и при спроведување на финансиското управување и контрола;
14. Непристрасно и професионално постапување при спроведување на постапките за вработување и унапредување;
15. Донесување и имплементација на унапреден интерен акт за управување со судирот на интереси;
16. Спроведување интерна едукација на вработените и ангажираните лица за управување со судирот на интереси;
17. Донесување и имплементација на унапреден интерен акт за постапување со подароци, погодности и гостопримство;
18. Спроведување интерна едукација на вработените и ангажираните лица за постапување со подароци, погодности и гостопримство;
19. Обезбедување задолжително учество на вработените во обуки организирани од Државната комисија за спречување на корупцијата преку платформата за е-учење, како и нивно успешно завршување, со цел унапредување на знаењата во областа на судирот на интереси, управувањето со ризици, системот на интегритет и транспарентноста како компонента на политиката за интегритет;

20. Запознавање на нововработените и ангажираните лица со одредбите и содржината на Етичкиот кодекс на Дирекцијата за ТИРЗ и обезбедување писмена изјава за негово прифаќање и почитување;
21. Почести консултации со вработените преку колегиуми и работни состаноци за јакнење на свеста за борба против корупцијата;
22. Редовно потсетување и информирање на вработените за важноста на интегритетот, транспарентноста и почитувањето на правилата;
23. Поттикнување на отворена комуникација и консултации меѓу вработените и раководството за прашања поврзани со корупција и етика;
24. Редовно подигање на свеста на вработените преку едноставни едукативни информативни материјали за спречување на корупција;

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Директор
Д-р Гоце Димовски

Изработил: Маја Базерковска
Контролирал: Ирена Касапоски Стојанова
Одобрил: Маја Жупаноска Стефановска